**20080190222**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за Владата на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 30 јануари 2008 година.

Бр. 07-529/1
30 јануари 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006 и 115/2007), по членот 40-в се додава нов член 40-г, кој гласи:

"Член 40-г

(1) За вршење на работите поврзани со развојот на информатичкото општество, како и за вршење на други стручни работи од оваа област, се основа Секретаријат за информатичко општество.

(2) Секретаријатот за информатичко општество ги врши работите што се однесуваат на дефинирање на механизми за обезбедување и раководење со средства за финансирање на развојот на информатичкото општество; евиденција, координација и следење на имплементацијата на прифатените проекти за развој на информатичкото општество во Република Македонија; координација и препораки за имплементација на информационите системи во државната управа на Република Македонија; креирањето и водењето на евиденција на расположливиот хардвер, софтвер, телекомуникациона опрема и друга информатичка опрема и лиценци во рамките на државната управа; креирањето и водењето на централна база на знаење достапна на секторите за информатика на државната управа; давање на препораки, насоки и други стратешки и оперативни документи на централно ниво; предлози за склучување на договори со

стратешки партнери; давање насоки за оперативна обработка и архивирање на податоци и информации; координирање на активностите кои се извршуваат од страна на секторите за информатиката во органите на државната управа; координирање, управување и развој на интегрирана и безбедна информатичка мрежа за потребите на државната и јавната администрација; планирање, спроведување и развој на електронско-комуникациска мрежа за поврзување на сите јавни институции; грижа за подготвување и подигање на јавната свест и едукација за значењето на развојот на информатичкото општество и за користењето на придобивките; изработка на едукативни и промотивни материјали за користење на електронски услуги; следење, иницирање и воведување на меѓународни стандарди во органите на државната управа на полето на информатиката и телекомуникациите, безбедносни аспекти и развојот на инфраструктурата; воспоставување, развој и користење на државни и локални регистри и бази на податоци и нивно меѓусебно поврзување и размена на информации на безбеден начин; развој на информатичката и телекомуникациската инфраструктура и технологија на органите на државната управа; изработка, координација и следење на реализацијата на плановите за континуирана едукација и усовршување на кадрите во секторите за информатика; создавање и континуиран развој на образовен и научно истражувачки систем; следење, евидентирање и остварување на техничка и технолошка меѓународна соработка; упатување на стручно усовршување во странство и користење на услугите на странски експерти; стипендирање, специјализација и практично образование врз основа на договори и врши и други работи утврдени со овој и друг закон.

(3) Со Секретаријатот за информатичко општество раководи член на Владата задолжен за информатичко општество кој ги има правата и должностите на функционер кој раководи со орган на државната управа."

Член 2

Во членот 42 по зборовите: "Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор" се става запирка и се додаваат зборовите: "Секретаријатот за информатичко општество".

Член 3

Секретаријатот за информатичко општество, актите за внатрешна организација и за систематизација на работните места во согласност со закон ќе ги донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".